# Маврово тура 2



Минимална група: 4
Тежина: средна
Поаѓање: Петок 18ч
Пристигнување назад во Скопје: Недела 20.30ч

Програма на тура Маврово 2:

Ден 1 (Петок)
Поаѓање од Скопје за Маврово во 18ч во петок и пристигнување во Маврово во 19.30ч. Сместување и вечера во 21ч. Запознавење на групата со можностите и прирордните убави на мавровскиот регион како и со активностите што ќе следат во сабота и недела.

Ден 2 (Сабота)




Поаѓање од паркингот пред хотел Бистра во 8часот и по асфалтниот пат во прекрасната природа се упатуваме кон селото Никифорово а потоа кон селото Леуново. Возиме покрај прекрасното вештачко езеро и националниот парк и по 20тина километри релативно лесен асфалтиран пат пристигнуваме од другата страна на мавровското езеро во местото Мавров Анови од каде што започнуваме да се искачуваме кон местото Врбен. Патот е дел асфалт дел земјен. По неколку километри извозени нагоре конечно стигнуваме до Врбен. По направена мала пауза се упатуваме кон предавателот. Прекрасниот поглед и живописната природа зборуваат сами за себе и по направената пауза тргнуваме назад кон Мавров Анови од каде што ќе продолжиме по асфалтираниот пат до нашата почетна дестинација. Вкупно предвидени километри извозени 55км. Пристигнување назад околу 17ч. Слободни активности и вечера во 19.30ч и запознавање на групата со активностите за наредниот ден како и запознавање со импресиите од поминатиот ден.

Ден 3 (Недела)

Поаѓање од паркингот пред хотел Бистра во 8часот и по асфалтниот пат 20тина километри во прекрасната природа и пејсажи се упатуваме кон селото Галичник. По пристугнувањето во Галичник правиме кратка посета на двете локални цркви како и правиме кратка обиколка на местото. Од таму се упатуваме кон скијачките патеки на планината Бистра и возиме низ маркираните патеки за планински велосипедизам. Го посетуваме и местото викано Чавкарник старото и новото бачило , бачилата позади скијачките терени Галичник и по прекрасниот ден и извозени 50тина километри се враќаме назад во Маврово. Пристигнување назад околу 17ч. Слободни активности и вечера во 18ч.

Пристигнување во Скопје во 20.30ч

ВК Оксижен